## СООПШТЕНИЈА

### XXVI изборно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија, Скопје, 4 декември 1999 г.

На 4 декември 1999 година во Скопје, по дваесет и шести пат, беше одржано изборно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија. Собранието се одржа во просториите на гимназијата „Јосип Броз Тито" во присуство на 62 членови на Сојузот, универзитетски професори, научни работници, професори во средните и основните училишта од: Берово, Битола, Велес, Виница, Гостивар, Градско, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Македонски Брод, Охрид, Скопје и Штип.

Собранието го отвори и од името на Претседателството присутните ги поздрави претседателот на СДИРМ д-р Тодор Чепреганов. Присутните беа поздравени и од домаќинот Ружа Жеваировска, професор по историја во гимназијата. Потоа беше избрано работно претседатеслство во состав: проф. д-р Виолета Ачкоска, претседавач, проф. Мире Младеновски и проф. Димов Тодор, а за записничар беше одредена проф. Невена Петковска.

Собранието работеше по предложениот дневен ред:

1. Избор на работно претседателство;
2. Извештај за работата на СДИРМ за период 1997–99 год.;
3. Финансиски извештај за период 1997–99 год.;
4. Извештај на редакцијата на списанието „Историја";
5. Избор на Комисија за избор на органи на Сојузот;
6. Избор на ново Претседателство на СДИРМ;
7. Избор на редакција на списанието „Историја";
8. Разно.

Произнесувајќи се по предложениот дневен ред, на самиот почеток собранието го усвои и неговото дополнение за поднесување на извештај од работата на советувањето на просветните работници иницирано од Советот на Европа одржано во Маврово, во октомври 1999 година. По дополнувањето на дневниот ред, Собранието ја продолжи својата работа.

Во однос на втората точка од дневниот ред, извештај за работата на СДИРМ за периодот 1997–1999 година поднесе претседателот на Сојузот д-р Тодор Чепреганов. Во своето излагање, меѓу другото, д-р Чепреганов ги потсети присутните дека Претседателството на СДИРМ беше конституирано на 11 декември 1997 година, кога беа избрани и потврдени членовите на другите органи, комисии и работни групи. На истата седница беше усвоена и програма за работа на Сојузот. Во текот на овие две години, потенцираше претседателот, Претседателството реализира дел од програмата и ги опфати следните пунктови: организирање на панел дискусии со изготвувачите на предлог – програмата за основно образование (од V до VIII одделение) во која беа вклучени Претседателството на Сојузот, професори од Институтот по историја при Филозовскиот факултет во Скопје и наставници и професори во соработка и присуство на советниците по историја од Педагашкиот завод на Р Македонија Љубомир Трајковски и

Јосиф Милчевски. Предлогот од Министерството за образование, во предлог-програмата за основното образование на предметот историја да му се вметне наставката „граѓанско општество" беше енергично одбиен. По обемна и конструктивна дискусија донесените заклучоци писмено им беа доставени на надлежните институции, а предложената концепција беше изменета.

Од своја страна, имајќи го во вид искуството од соседните држави во однос на предметот историја, Сојузот им предложи на надлежните институции овој предмет во средното образование во некои училишта да не биде изборен туку задолжителен, а исто така даде и предлог во последната година од образованието да се воведе предметот историја на Македонија и македонскиот народ.

Во врска со ваквите проблеми, Претседателството на Сојузот, истакна д-р Чепреганов, во соработка со Институтот за национална историја, Институтот за историја при Филозофскиот факултет како и Националниот комитет, упатија писмо до претседателот на Р Македонија Киро Глигоров со цел да помогне предметот историја да го добие своето вистинско место, како одговор на некои настојувања во некои средни стручни училишта истиот да се укине и да се изучува само факултативно.

Исто така, членови на СДИРМ остварија средба и со потсекретарот за средно образование, на кого, му беше сугерирано дека е потребно во наставата по историја да остане сегашната состојба со бројот на часовите во средното образование, но и дека доколку е можно постојниот фонд на часови да се зголеми. Беше предочена и идејата за воведување на предметот национална историја во завршната година од образованието.

Сите овие активности беа преземани во координација со професорите и наставниците од средното и основното образование, а за што беа одржани повеќе средби во просториите на Институтот за историја.

Членови од Сојузот одржаа и неколку предавања пред учениците од средното образование.

СДИРМ, во соработка со Педагошкиот завод на Р Македонија и Републичкиот одбор на СЗБ од НОАВМ, во изминатите две години продолжи со организирањето натпревари по историја за учениците од средното образование. Во тоа особена и несебична помош дадоа советниците на Педагошкиот завод како и комисијата определена за натпреварот. Овие две години натпревари беа одржани во Скопје и Куманово. Нивното организирање, беше нагласено, се изведуваше единствено со финансиска помош само од СЗБ на НОАВМ. А масовното присуство на натпреварите пак, покажува дека интересот кај наставниците и учениците за нив е голем. Исто така и постигнатите резултати, според општата оценка, се на завидно ниво. Учениците - победници и наставниците, за постигнатите резултати добија дипломи, награди и пофалници.

Меѓу активностите на Сојузот спаѓа и неговото ангажирање во работата на регионалните и републичкиот натпревар по историја за учениците од основното образование кое е во организација на Сојузот за грижи и воспитување на децата на Р Македонија.

Покрај позитивните дострели, д-р Чепреганов истакна и некои слабости на Сојузот. Меѓу другото, беше нагласено и прашањето за недоволната соработка со регионалните друштва. Несомнено, беше речено, дека за таквата состојба постојат и објективни и субјективни причини. Според она „што го имаме како информација, од друшт-

вата кои одржуваат контакт со Сојузот", тоа редовно го прават велешкото, штипското и битолското друштво. Таквата состојба ја налага потребата посериозно да се размисли, за ова и да се најде солуција за нивно активирање. „Не само што се добива впечаток, туку и фактички Сојузот делува како Друштво на историчари на Р Македонија, а не како Сојуз на друштва" истакна д-р Чепреганов.

Во текот на втората половина од изминатата година, Сојузот стапи во контакт со Европската конференција на наставниците по историја ЕУРОКЛИО, чие седиште се наоѓа во Швајцарија. За таа цел беа направени бројни контакти. А како краен резултат на тоа, на конференцијата во Единбург која се одржа од 10 до 13 март 1999 година, како рамноправен член на ЕУРОКЛИО беше примен и СДИРМ. Членувањето во оваа организација е поврзано со уплата на одредена членарина која изнесува 45 фунти.

Во однос на издавачката дејност, Сојузот во изминатите две години продолжи со издавањето на сп. „Историја". Во 1997 година беа објавени значајни книги од кои посебно беше нагласен „Историскиот атлас" наменет за учениците од основното и средното образование, но и пошироко, како и книгата „Македонија и македонската револуционерна организација во предвечерието на Илинденското востание". Беше истакнато дека за неколку дена од печат ќе излезе и второто издание од „Историскиот атлас", како и аудио-визуелен ЦД–РОМ од „Историскиот атлас" што е и направено. За идната година се предвидуваат од печат да излезат и други изданија и посебно училишни ѕидни карти. Од одредени причини не дојде до реализирање, односно издавање на посебен весник „Историчар".

Покрај изнесувањето на севкупните состојби во Сојузот, на крајот, д-р Чепреганов накусо се осврна и на финансиската состојба. Беше истакнато дека „финансирањето на Сојузот, со години наназад, претставува сериозен проблем за нормално функционирање и извршување на основните активности ..." Сојузот не добива никакви финансиски средства. Неговото финансирање досега се вршеше со средства добиени за натпреварот по историја и од оние што се добиени од списанието „Историја". Но и покрај тоа Сојузот опстојува.

Завршувајќи го своето излагање, д-р Чепреганов му упати благодарност на директорот на ИНИ д-р Новица Велјановски за соработката и поддршката, но и за разбирањето што му го дава на СДИРМ во остварувањето на неговите активности.

На крајот, беше презентирано мислењето дека оценката за тоа дали ова Претседалството на Сојузот работело успешно или неуспешно и колку, треба да ја даде членството. Посакувајќи му на новиот претседател и на Претседателството успешна работа во наредниот двегодишен период.

За финансиското работење на Сојузот во изминатиот период, Собранието беше информирано од поднесениот извештај на секретарот на Сојузот д-р Ѓорѓи Чакарјаневски.

Во изминатиот период, беше истакнато, финансиското работење на Сојузот на друштвата на историчарите воглавно, иако со извеси тешкотии што попатно беа решавани, се одвиваше во позитивни рамки, за што посведочуваат и годишните завршни сметки кои се поднесувани согласно законските обврски а изготвувани од фирма која професионално се занимава со таа работа.

Сегашното раководство кога го презеде раководењето со Сојузот кон

крајот на 1997 година, истакна д-р Чакарјаневски, на жиро - сметката наследи позитивно салдо од 47 402 денари, средства на с. „Историја", а добиени од продажба на истото или пак од министерствата кои финансиски го потпомагаат неговото излегување.

Во текот на 1998 како и претходната година, приходите на жиро сметката на Сојузот воглавно се сведувале во некои тесни рамки кои едвај ги обезбедувале печатењето на списанието и неговата диструбуција (поштарината) што оневозможувало исплата на средства како награда на авторите кои ги давале прилозите за објавување.

Во текот на првата годината, од продажбата на с. „Историја", од каде покрај средствата добиени од министерствата единствено се остварува приход, салдото на Сојузот беше зголемено за 60 603 денари или вкупно изнесуваше 108 005 денари. Вкупните расходи кои се појавија и кои се евидентираат како книговодствен трошок, во текот на годината изнесуваа 100 451 денар Овие средства, во соработка со Редакцијата и посебно со нејзиниот главен и одговорен уредник проф. д-р Даринка Петреска, беа пренасочувани претежно кон печатарот, сосема мал дел како авторски хонорар и исто така мал дел како подмирување на обврските кон државата како мали даноци на добивка остварена од добиените средства и продажбата на списанието. Тоа значи, истакна натаму д-р Чакарјаневски, „дека 1998 година беше завршена со остаток на средства од 7 513 денари" со кои се стартувало во наредната година.

Кон овие средства, заклучно со 31 октомври 1999 година, на сметката на списанието ќе се слеат уште 57 000 денари од продажба на с. „Историја", но и 20 000 денари од Министерството за образование и 40 000 денари од Министерствиото за наука кои го потпомагаат финансирањето или вкупно, се располагаше со 125 013 денари. Овие средства пак, беа насочени за печатење на новиот број на с. „Историја", уплата на данок на промет, исплата на мал хонорар, поштарина и сл. во висина од 71 174 денари. Во моментот на поднесувањето на извештајот, на сметката на Сојузот има остаток од 54 000 денари од кои еден дел повторно ќе бидат употребени за печатење на списанието.

Прибирањето на средства од продажбата на с. „Историја" не секојпат е реализирано во потполност. Беше истакнато дека поедини училишта во Македонија не го набавуваат списанието со одговор дека тие не се во состојба да го подмират долгот за едно списание кој иснесува 250,00 денари. Од таквите случаеви, сметката на Сојузот остана покуса во износ од 46 500 денари.

Во текот на извештајниот период, на жиро - сметката на Сојузот пристигнале и други средства. Покарактеристичен е случајот, истакна д-р Чакарјаневски, со објавувањето на „Историскиот атлас", финансиски потпомогнат од Министерството за наука и Министерството за образование на Република Македонија и фондацијата Институт отворено општество, но и со средства од разни спонзори. Исто така, на сметката на Сојузот пристигнаа и 200 000 денари од Министерството за култура на Република Македонија, наменски определени за издавање на првиот аудио визуелниот ЦД–Ром на историскиот атлас. Кон ова треба да се додадат и срдествата кои СДИРМ ги добива од Републичкиот одбор на ЗСБ од НОАВ на Македонија (80 000) и се трошат наменски.

Средствата што пристигнуваат во Сојузот по овие канали кои ги споменавме (со исклучок на „Историскиот

атлас“), се толку мали што навистина е мошне тешко со нив рационално да се манипулира во смисла на навремено излегување и подмирување на обврските што произлегуваат со објавувањето на списанието. Оттука, следејќи ја работата на Сојузот преку финансиската призма, се добива впечаток дека благодарение на Редакцијата која заедно со досегашното Претседателство извонредно прецизно и мошне штедливо ги рапределуваа средствата, списанието е достапно на јавноста.

На крајот од финансовиот извештај беше кажано и тоа дека секоја година пред надлежните институции Сојузот поднесува периодични пресметки и годишна завршна сметка.

За работата на редакцијата на списанието „Историја“ како орган на СДИРМ, извештај поднесе главниот и одговорен уредник проф. д-р Даринка Пачемска - Петреска. Потенцирајќи го извонредно големото значење на списанието, таа истакна дека тоа излегува од далечната 1965 година, и дека во него се печатат разновидни материјали од политичката, културната, економската и државноправната историја од најстаро време до денес но и дека изобилува со прилози од наставата по историја. Тоа е списание, беше речено, кое на најразличит начин го збогатува историското сознание и не само на наставниците туку и пошироко, но и кое особено во последно време се соочува со проблеми околу неговото редовното излегување. Но и покрај недостигот на финансиски средства со кои постојано се соочува, редакцијата во соработка со Претседателството на СДИРМ, со скромна финансиска помош од страна на министерствата за наука, образование и култура, прави напори за негово излегување и дистрибуирање.

По поднесените извештаи се разви плодна и конструктивна дискусија во која зедоа учество проф. д-р Даринка Пачемска - Петреска, проф. д-р Михаило Миноски, д-р Зоран Тодороски, проф. Слободан Ников, м-р Милан Бошкоски, проф. Стево Донев, проф. Никола Савев, д-р Симе Младеновски, проф. д-р Ванчо Стојчев, акад. Блаже Ристовски и д-р Орде Иваноски.

Дискутантите се заложија за соработка на наставниците од Македонија и наставниците од училиштата во Европа преку европската асоцијација ЕУРОКЛИО. Оттука произлезе и потребата од проширување на стручниот форум кој понатаму би ја презел работата околу соработката со оваа асоцијација.

На Собранието се истакна потребата од активно учество на Сојузот во јавните манифестации. Меѓутоа превладеа мислењето дека Сојузот како невладина и непрофитабилна асоцијација, не треба да се користи за дневнополитички потреби на поедини партии.

Околу прашањето за одржувањето на државниот натпревар по историја за учениците од средното образование, во дискусијата зедоа учество повеќемина присутни. Превладеа мислењето дека во однос на тоа прашање треба да се преземе иницијатива за измена на начинот и времето на одржување на натпреварот. Собранието му препорача на новоизбранот раководство таа одлука да ја спроведе. Во понатамошната дискусија присутните беа запознати со одржаниот меѓународен собир во Пловдив – Р Бугарија, на кој се разгледувало прашањето за застапеноста на предметот историја во образовните системи во соседите држави, односно колку е застапена македонската историја во образованието на Албанија, Бугарија, Грција, Словенија, СР Југославија и Хрватска и

колку историјата на споменатите држави е застапена во наставните програми и учебниците по историја во Македонија.

Во дискусија беше истакната заложбата дека е потребно, во иднина, да се залагаме за национална историја која би се проучувала од основното до универзитетското образование со што би се зајакнала националната свест на македонскиот народ која секојдневно е изложена на агресии однадвор.

По исцрпните дискусии во врска со поднесените извештаи, сите извештаи поединечно беа прифатени.

Собранието ја продолжи натаму работата по петтата точка од дневниот ред. Беше избрана Комисија за предлагање претседател на Сојузот, членови на Претседателството, членови на Научниот форум, членови на Стручниот форум, членови на редакцијата на с. „Историја“", членови на Националниот комитет и на Надзорен одбор. Комисијата беше во состав: проф. д-р Ванчо Стојчев, д-р Катерина Наумоска, проф. Тодор Најдов, проф. Перса Билинска и проф. Никола Савев. По изборот, Комисија се повлече да работи.

По паузата, од името на Комисијата, проф. д-р Ванчо Стојчев ја прочита листата на можни кандидати за состав на новото Претседателство на Сојузот. Во неа беа предложени: Васил Јотевски за претседател, Ѓорѓи Чакарјаневски за секретар и Драги Ѓорѓиев, Мире Младеновски, Никола Савев, Јосиф Милчевски, Спасе Чамовски, Димитар Шуковски, Михајло Миновски, Маргарита Пешевска, Ружа Жеваировска, Верица Јосимовска и Марица Јовановска за членови. За членови на Научниот форум беа предложени: д-р Новица Велјановски, д-р Александар Трајановски, проф. д-р Димитар Димевски, д-р Иван Катарџиев и д-р Орде Ивановски. За членови на Стручниот форум беа предложени: Мирка Ристана Ставрева, Ѕвонко Трпевски, Натка Дамјановска, Менче Давидова, Геновева Спасиќ, Невена Петковска, Ружица Димовска, Ѓорѓи Исајловски, Петранка Максимовска, Тамара Дамеска, Ињо Трајкоски, Ѓорѓи Здравев, Мире Младеновски и Соња Цветковска. За членови на редакцијата на с. „Историја“ беа предложени: д-р Коста Аџиевски, Ленче Ешменова, д-р Кочо Сидовски, д-р Симо Младеновски, д-р Виолета Ачкоска, д-р Тодор Чепреганов и Далибор Јовановски. За членови на Национален Комитет беа предложени: акад. Блаже Ристовски, д-р Миле Михајлов, д-р Даринка Петреска, д-р Ванчо Стојчев и Марица Шиндилова а за членови на Надзорниот одбор: Спасена Анѓеловска, Тодор Димов и Тодор Најдов.

По истакнувањето на листата, се разви дискусија во која беше потенцирано дека е потребно бројот на членовите на Претседателството да се зголеми за уште еден член и тоа да биде проф. Цане Кимов преставник од Друштвото на историчарите на Велес.

По дискусијата се премина на гласање. Собранието ги прифати сите предлози со дополненијата што беа изнесени. Со тоа беше исцрпен дневниот ред а XXVI изборно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на Р Македонија, беше затворено. Веднаш потоа, новоизбраното претседателство ја одржа својата прва конститутивна седница.

Ѓорѓи ЧАКАРЈАНЕВСКИ